Г Р А Д   С К О П Ј Е

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Град Скопје

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за комунални работи

ПРЕТСТАВНИК: Раководител на Сектор за комунални работи

ПОВЕРЕНИК: Раководител на Одделение

**П Р Е Д Л О Г – О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за субвенционирање на ЈП Комунална хигиена – Скопје**

**Скопје, март 2026 година**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 05/02 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), а во врска со член 8-б од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија " бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на Град Скопје на ___________ седница, одржана на __.__.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за субвенционирање на ЈП Комунална хигиена – Скопје**

Член 1

Во член 1 од Одлуката за субвенционирање на ЈП Комунална хигиена – Скопје ("Службен Гласник на Град Скопје" бр. 14/25) се вршат следните изменувања и дополнувања:

- Во алинеја 2 зборовите " Специјално комунално возило - комбинирка со капацитет на надградба од 20 $м^3$ за собирање и транспортирање на комунален отпад со зафатнина од 1,1$м^3$, 3,3$м^3$ и 5$м^3$"" " се бришат и заменуваат со зборовите " 2 (две) Специјални комунални возила со капацитет на надградба од 16 $м^3$" за собирање и транспортирање на комунален отпад од садови за отпад со зафатнина од 1,1$м^3$, 120 литри и 240 литри " .
- Постојните алинеи 4 и 5 се бришат, а по алинеја 3 се додава нова алинеја 4 која гласи " Во износ од 40.000.000,00 (четириесетемилиони) денари, за набавка на садови за смет - контејнери од 1,1$м^3$ ".

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје".

Број 27-
_________2026 година
Скопје

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Даме Димитровски

**О б р а з л о ж е н и е**

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24) утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје.Согласно член 8-б од Законот за јавните претпријатија (“Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и “Службен весник на Република Северна Македонија” број 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), јавните претпријатија, основани од страна на Град Скопје, можат да добиваат финансиска помош, односно одредени финансиски поволности од страна на основачот.

Врз основа на дополнително направените анализи од страна на ЈП Комунална хигиена - Скопје, утврдено е дека треба да се направи корекција во постојната Одлуката за субвенционирање на ЈП Комунална хигиена – Скопје (“Службен Гласник на Град Скопје” бр. 14/25) во смисол, наместо да се набави едно специјално комунално возило - комбинирка со капацитет на надградба од 20 м$^3$, да се набават 2 (две) специјални комунални возила со капацитет на надградба од 16 м$^3$ за собирање и транспортирање на комунален отпад од садови за отпад со зафатнина од 1,1м$^3$, 120 литри и 240 литри“. Исто така констатирано е дека за износ од 40.000.000,00 денари треба да се набават исклучиво контејнери.

Врз основа на горенаведеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за субвенционирање на ЈП Комунална хигиена – Скопје.